Уп. бр. 08-86

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Бетсон Малта Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на 199 Експириенс Центар, Та'Шбиеш Сифронт Та'Шбиеш, ШБШ 1027 Малта, преку адвокатско друштво Ќоку и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Бетсон Малта Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на 199 Експириенс Центар, Та'Шбиеш Сифронт Та'Шбиеш, ШБШ 1027 Малта ќе стекне самостојна контрола над друштвото Рајно Волт Холдингс Лимитед, со регистрирано седиште на Спинола Парк, ниво 4 југ, Трик Микиеланг Борг, Сан Гилјан, СПК 1000, Малта, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 18.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Бетсон Малта Холдинг Лимитед, со регистрирано седиште на 199 Експириенс Центар, Та'Шбиеш Сифронт Та'Шбиеш, ШБШ 1027 Малта, со која Бетсон Малта Холдинг Лимитед ќе стекне самостојна контрола над друштвото Рајно Волт Холдингс Лимитед, со регистрирано седиште на Спинола Парк, ниво 4 југ, Трик Микиеланг Борг, Сан Гилјан, СПК 1000, Малта.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон

истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Бетсон Малта Холдинг Лимитед е друштво основано во Малта чие основно деловно работење се состои во обезбедување услуги за онлајн игри и обложување, вклучително казино, покер, спортско обложување, бинго и инстант игри. Бетсон е дел од Бетсон Групата која работи преку повеќе брендови на регулирани пазари и претставува препознатливо име во онлајн игрите. Производите на Бетсон Групацијата опфаќаат Казино (Casino), Спортсбук (Sportsbook) како и други игри, кои се обезбедуваат преку лиценцирано работење.
Бетсон нема регистрирано зависни друштва во Република Северна Македонија и не врши било какви деловни активности на македонскиот пазар.

Рајно Волт Холдингс Лимитед е друштво од Малта, дел од Рајно Ентертејнмент групација на друштва (“Рајно Ентертејнмент групација”). Рајно Волт директно или индиректно преку зависни друштва, заедно со други субјекти во рамките на Рајно Ентертејнмент групација врши деловни активности за business-to-consumer („B2C”) онлајн игри во Канада (вклучувајќи го Онтарио и остатокот од Канада), кои се вршат врз основа на релевантните лиценци за игри, технолошките компоненти на таквото деловно работење и интелектуалната сопственост поврзана со истото. Покрај B2C работењето, Рајно Волт поседува и сопствена технологија за front-end и middleware за B2B операции.

Рајно Волт има едно целосно зависно друштво во Република Северна Македонија, новооснованото македонско друштво – НЕХА ПЛАЈ ЛИМИТЕД ДООЕЛ Битола, со регистрирано седиште на улица Митрополска бр. 13, Битола, Битола, Република Северна Македонија и приоритетна дејност 82.100 – Канцелариско административни и помошни дејности. Поконкретно, деловната активност на новооснованото македонско друштво се состои во обезбедување технолошки услуги, и тоа одржување и сервисирање на сопствениот софтвер што “поврзува” различни системи (middleware) и front-end технологија за потребите на Бетсон групацијата.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**